*СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНАТА ШТИП*

| Службен гласник на Општината Штип Излегува по потреба | Број 5 24 мај 2005 година Ш т и п | ГОДИНА XLII |
|---|---|---|

27.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА МАНДАТНИ ПРАШАЊА, ИЗБОР И ИМЕНУВАЊА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се објавува Решението за именување претседател и членови на Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања на Советот на Општината Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-539/2
20 мај 2005 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

28.

Врз основа на член 32 став 2, 3 и 4 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 21 точка 31, а во врска со член 25 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 20 мај 2005 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА МАНДАТНИ ПРАШАЊА, ИЗБОР И ИМЕНУВАЊА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

1. За претседател и членови на Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања на Советот на Општината Штип, **се именуваат**:

    1. За претседател:
        - **прим. м-р Илчо Захариев**

    2. За членови:
        - **Ѓеорги Ѓеоргиев**
        - **Валентина Дрмова**
        - **Надица Танчева Тулиева**
        - **Драги Илиев**

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-539/1
20 мај 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

29.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ПОСТОЈАНИТЕ КОМИСИИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се објавува Решението за именување претседател и членови на постојаните комисии на Советот на Општината Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-540/2
20 мај 2005 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

30.

Врз основа на член 32 став 2, 3 и 4 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 21 точка 31, а во врска со член 25 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 20 мај 2005 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ПОСТОЈАНИТЕ КОМИСИИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

1. За претседател и членови на постојаните комисии на Советот на Општината Штип, **се именуваат**, и тоа:

**А. Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој**

за претседател:

- **Владимир Соколов**

за членови:

- **Ристо Јанков**
- **Данче Николовска**
- **Драган Торов**
- **Атанас Атанасов**

**Б. Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина**

за претседател:

- **Тони Атанасов**

за членови:

- **Тоше Ристов**
- **Борче Коцев**
- **Горан Карашов**
- **Вилиам Стојменов**

**Ц. Комисија за општествени дејности**

за претседател:

- **Соња Петровска**

за членови:

- **Омер Демиров**
- **Панче Пуздерлиски**
- **Крсте Митев**
- **Зоран Костовски**

**Д. Комисија за статут и прописи**

за претседател:
- **Ѓеорги Ѓеоргиев**

за членови:
- **Ванчо Хубрев**
- **Горан Карашов**
- **Митре Димов**
- **Надица Танчева Тулиева**

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-540/1
20 мај 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

31.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА КОНТРОЛА НА НАПЛАТАТА И УПОТРЕБАТА НА СРЕДСТВАТА ОД САМОПРИДОНЕСОТ

I

Се објавува Решението за именување претседател и членови на Комисијата за контрола на наплатата и употребата на средствата од самопридонесот.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-541/2
20 мај 2005 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

32.

Врз основа на член 32 став 2, 3 и 4 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 21 точка 31, а во врска со член 25 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 20 мај 2005 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА КОНТРОЛА НА НАПЛАТАТА И УПОТРЕБАТА НА СРЕДСТВАТА ОД САМОПРИДОНЕСОТ

1. За претседател и членови на Комисијата за контрола на наплатата и употребата на средствата од самопридонесот, **се именуваат**, и тоа:

   за претседател:
   - **Пане Кукушев**

   за членови:
   - **Панче Пуздерлиски**
   - **Данче Николовска**
   - **Драган Торов**
   - **Валентина Дрмова**

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-541/1
20 мај 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

33.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВРШЕЊЕ РЕВИЗИЈА ВРЗ РАБОТЕЊЕТО НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА, ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ФОНДОТ ЗА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ НА ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за вршење ревизија врз работењето на локалната самоуправа, јавните претпријатија и Фондот за локални патишта и улици на Општината Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-542/2
20 мај 2005 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

34.

Врз основа на член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 20 мај 2005 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ВРШЕЊЕ РЕВИЗИЈА ВРЗ РАБОТЕЊЕТО НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА, ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ФОНДОТ ЗА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ НА ОПШТИНАТА ШТИП

## Член 1

На работењето на Локалната самоуправа Штип, на јавните претпријатија (ЈП "Исар"и ЈП "Штип-проект") и Фондот за локални патишта и улици на Општината Штип, да се изврши ревизија.

Ревизијата да се изврши за 2004 година за сите субјекти од став 1 на овој член.

За периодот јануари-март 2005 година, ревизијата да се изврши на работењето на Локалната самоуправа Штип и јавните претпријатија (ЈП "Исар" и ЈП "Штип-проект").

## Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-542/1
20 мај 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

35.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАДОМЕСТОЦИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за определување надоместоци на членовите на Советот на Општината Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-543/2
20 мај 2005 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

36.

Врз основа на член 100 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ", број 05/02) и член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 20 мај 2005 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАДОМЕСТОЦИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

Член 1

Членовите на Советот на Општината Штип имаат право на надоместоци за време на вршењето на функцијата член на Советот и тоа:

1. надоместок за присуство на седница на Советот, без оглед на нејзиното времетраење, во висина од 30% од просечната месечна нето плата во Република Македонија исплатена во последните 3 месеци;
2. надоместоци за патни и дневни трошоци според прописите што се однесуваат на државните службеници;
3. надоместок за присуство при склучување бракови во висина од 700,00 денари за секој ден кога истите се ангажирани, без оглед на тоа колку бракови се склучиле тој ден.

Член 2

Доколку членот на Советот определен за склучување на брак неоправдано отсуствува во било кој ден кога е определен за склучување на бракови, го губи правото на надоместок од точка 3 на член 1 од ова одлука за сите денови во тековниот месец кога присуствувал при случувањето на браковите.

Член 3

Надоместоците од член 1 на оваа Одлука се обезбедуваат од Буџетот на Општината Штип.

Член 4

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи и да се применува Одлуката за надоместоците на членовите на Советот и надоместоците на членовите на работните тела на Советот на Општината Штип ("Службен гласник на Општина Штип", број 2/99).

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-543/1
20 мај 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

37.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОТРЕБА ОД ЈАВНА НАБАВКА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за потреба од јавна набавка за одржување на јавното осветлување во Општината Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-544/2
20 мај 2005 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

38.

Врз основа на член 12 став 1 и 2 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на РМ", број 19/04) и член 21 точка 25 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 20 мај 2005 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ПОТРЕБА ОД ЈАВНА НАБАВКА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ОПШТИНАТА ШТИП

Член 1

За одржување на јавното осветлување во Општината Штип се распишува јавна набавка.

Постапката за јавна набавка ќе се спроведе во постапка на отворен повик.

Член 2

Средствата во износ од 1.175.000,00 денари за одржување на јавното осветлување од член 1 на оваа Одлука се обезбедени во буџетот на Општината Штип за 2005 година-Програма 11 Улично осветлување.

Член 3

Постапката по јавната набавка од член 1 на оваа Одлука ќе ја спроведе Комисијата за јавни набавки на Општината Штип.

Изборот на најповолниот понудувач ќе го изврши градоначалникот на Општината Штип по следните критериуми:

- цена
- начин на плаќање

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-544/1
20 мај 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

39.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА УПОТРЕБА НА ИМЕТО "ШТИП"

I

Се објавува Одлуката за давање дозвола за употреба на името "Штип".

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-545/2
20 мај 2005 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

40.

Врз основа на член 48 став 2 од Законот за трговските друштва ("Службен весник на РМ", број 28/04) и член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 20 мај 2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА УПОТРЕБА НА ИМЕТО "ШТИП"

### Член 1

Се дава дозвола на Трговското друштво за внатрешен и надворешен промет ЗЕГИН Благој ДООЕЛ Скопје, на Приватната здравствена организација Прва градска аптека ЗЕГИН во Штип во фирмата да се употребува името на градот зборот "Штип".

Скратен назив на фирмата е Аптека ЗЕГИН ШТИП Штип.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-545/1
20 мај 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

41.

Врз основа на член 17 и 18 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ", број 4/96, 28/97, 18/99, 53/01 и 45/02) и член 36 алинеа 10 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03 ), донесувам

# О Д Л У К А
## за организирање на јавна анкета по Нацрт-измената и дополнувањето на ДУП на индустриска зона "Север" - Штип

### Член 1

Јавната анкета ќе се спроведе со изложување на Нацрт-измената и дополнување на ДУП на индустриска зона "Север" -Штип, и тоа:

1. На огласната табла во зградата на Општината Штип - локалната самоуправа и
2. Во просториите на МЗ "Железничка".

### Член 2

Заинтерисираните граѓани и правните лица може да доставуваат писмени забелешки на анкетни листови.

За времето и местото на изложувањето на Планот од член 1 и доставувањето на забелешките од став 1 на овој член, ќе се објави Соопштение во јавните гласила и дневниот печат.

Јавната анкета ќе трае 10 дена од денот на објавувањето на Соопштението.

### Член 3

По завршувањето на јавната анкета ќе се изготви Извештај со образложение за неприфатените забелешки.

### Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-319/6
20 мај 2005 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

С О Д Р Ж И Н А


| Р.б. | | страна/број |
|---|---|---|
| 27. | Решение за објавување на Решението за именување претседател и членови на Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања на Советот на Општината Штип | 37/5 |
| 28. | Решение за именување претседател и членови на Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања на Советот на Општината Штип | 38/5 |
| 29. | Решение за објавување на Решението за именување претседател и членови на постојаните комисии на Советот на Општината Штип | 39/5 |
| 30. | Решение за именување претседател и членови на постојаните комисии на Советот на Општината Штип | 40/5 |
| 31. | Решение за објавување на Решението за именување претседател и членови на Комисијата за контрола на наплатата и употребата на средствата од самопридонесот | 42/5 |
| 32. | Решение за именување претседател и членови на Комисијата за контрола на наплатата и употребата на средствата од самопридонесот | 43/5 |
| 33. | Решение за објавување на Одлуката за вршење ревизија врз работењето на локалната самоуправа, јавните претпријатија и Фондот за локални патишта и улици на Општината Штип | 44/5 |
| 34. | Одлука за вршење ревизија врз работењето на локалната самоуправа, јавните претпријатија и Фондот за локални патишта и улици на Општината Штип | 45/5 |
| 35. | Решение за објавување на Одлуката за определување надоместоци на членовите на Советот на Општината Штип | 46/5 |
| 36. | Одлука за определување надоместоци на членовите на Советот на Општината Штип | 47/5 |
| 37. | Решение за објавување на Одлуката за потреба од јавна набавка за одржување на јавното осветлување во Општината Штип | 48/5 |
| 38. | Одлука за потреба од јавна набавка за одржување на јавното осветлување во Општината Штип | 49/5 |
| 39. | Решение за објавување на Одлуката за давање дозвола за употреба на името "Штип" | 50/5 |
| 40. | Одлука за давање дозвола за употреба на името "Штип" | 51/5 |
| 41. | Одлука за организирање на јавна анкета по Нацрт-измената и дополнувањето на ДУП на индустриска зона "Север" - Штип | 52/5 |